Автор: Даниел Станоески, Снежана Камиловска Трповска
Датум: октомври 2026
PDF MK: Matrica_za_monitoring_Severna_Makedonija_2025.pdf
PDF EN: Monitoring_Matrix_North_Macedonia_2025.pdf

Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС) го објави Националниот извештај за овозможувачката околина за развој на граѓанското општество во Северна Македонија за 2025 година. Извештајот е дел од годишното следење на правната рамка и нејзината практична примена, со цел да се утврдат условите во кои работат граѓанските организации и да се предложат мерки за нивно подобрување.

Публикацијата е подготвена во рамките на регионалната иницијатива на Балканската мрежа за развој на граѓанското општество (БЦСДН), која ги опфаќа земјите од Западен Балкан и Турција. Наодите овозможуваат следење на промените низ годините и споредба на состојбите во регионот.

Истражувањето се заснова на Матрицата за мониторинг, која ги разгледува законодавството и практиката во три главни области:

- Основни правни гаранции на слободите;

- Рамка за финансиска одржливост на граѓанските организации;
- Односите меѓу Владата и граѓанските организации.
- Клучни наоди за 2025 година

Извештајот покажува дека основните правни гаранции за дејствување на граѓанското општество се воспоставени, но нивната практична примена и понатаму е проследена со значителни предизвици. Застојот на реформите, финансиската неизвесност и недоволното вклучување на организациите во одлучувањето продолжуваат да ја ограничуваат овозможувачката околина.

Финансиската одржливост беше особено погодена од повлекувањето на поддршката од УСАИД, кое доведе до откажување на активности и намалување на кадарот. Бројот на вработени во здруженијата и фондациите се намали за 6,7% во однос на 2024 година.

Сеопфатната реформа на државното финансирање остана незавршена. Извештајот ги разгледува процесот за изменување на Законот за здруженија и фондации, потребата од унапредување на Законот за донации и спонзорства во јавните дејности и најавениот фонд за кофинансирање европски и други меѓународни проекти.

Во однос на соработката со институциите, позитивен развој беше реактивирањето на Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество во април 2025 година.

Извештајот ги истакнува и притисоците врз активистите, новинарите и организациите, вклучително и стратешките тужби против јавното учество (SLAPP), кои можат да поттикнат самоцензура и да го ограничат дејствувањето во јавен интерес.

Извештајот е наменет за граѓанските организации, институциите, истражувачите, донаторите и сите заинтересирани за развојот на граѓанското општество. Наодите и препораките обезбедуваат основа за застапување и за креирање политики што ќе ја зајакнат одржливоста и независноста на секторот.

Публикацијата е подготвена со финансиска поддршка од Шведската агенција за

меѓународна развојна соработка (Сида).